**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Данче Чурлинова**
**именуван за подрачјето на**

**Струмица и Радовиш**
**ул. Ленинова бр.14**
**тел. 034 611-690**

**Образец бр.66**

**И.бр.295/2022**

Извршителот **Данче Чурлинова** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Еуростандард банка АД Скопје- во стечај** од со ЕМБГ/ ЕМБС и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул,, Никола Кљусев,, бр. 2 Скопје, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.210/18 од 30.05.2018 на Нотар Аница Маџункова, против должникот **Оливер Митев** од и живеалиште на с.Просениково бр.163,**Димка Митева** с.Просениковобр.163,**ДГПТУ КРМЗОВ-МР ДООЕЛ** Струмица УЛ.Невена Стојкова бр.1-1 Струмуица за спроведување на извршување во вредност 3.361.654,00 ден., на ден 17.08.2022 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

ИДНА ГРАДБА со следните ознаки-

-Кп.бр.7034/7,влез 2,кат К3, број 20, намена на посебен заеднички дел од зградаидруг објект-стан со површина од 76м2,

-Кп.бр.7034/7,влез 2, кат К3, број 20, намена на посебен заеднички дел од зграда и друг објект-помошни простории(тераса,логија,балкон)со површина од 12м2, заведени во Лист за предбележување на градба бр.52943 за КО Струмица при АКН Струмица,Одделение за катастар на недвижности Струмица,која се наоѓа во сопственост на заложниот должник ДГПТУ КРМЗОВ-МР ДООЕЛ Струмица.

Продажбата ќе се одржи на ден 07.09.2022година во 11.00 часот во просториите на Извршител Данче Чурлинова на ул.,,Ленинова бр.14.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.295/2022 од 12.08.2022, изнесува 3.482.465,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Нотарски акт- Договор за залог-хипотека ОДУ .бр.210/18 од 30.05.2018 год. на Нотар Аница Маџункова, Налог за извршување врз недвижност од31.05.2022 година на Извршител Данче Чурлинова. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300030000178078 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027011503164.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Данче Чурлинова

Д.-на: Должници,Полномошник на доверител,

УЈП-Струмица,Даночно Одделение Струмица

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Струмица согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.